**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-94/6**

**Скопје, 13.02. 2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„НИКОЛА ПЕТРОВ - РУСИНСКИ“ с.РУСИНОВО, БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за самофинансирачки активности (787) на Основното општинско училиште „Никола Петров - Русински„ с. Русиново Берово (ООУ „Никола Петров - Русински“ ) за 2006 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на сметката за самофинансирачки активности на ООУ“Никола Петров Русински“ с. Русиново, Берово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Васа Зелничка, директор на ООУ “Никола Петров Русински“ с. Русиново Берово, до 01.06.2006 година и
- Мирјана Пецуровска , вршител на должноста директор на ООУ “Никола Петров Русински“ с. Русиново Берово, од 01.06.2006 година, а од 10.11.2006 година директор на училиштето.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.11. до 21.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи на сметката за самофинансирачки активности на ООУ "Никола Петров Русински„ с. Русиново Берово ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај сметката за самофинансирачки активности на ООУ „Никола Петров Русински" с. Русиново Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ - РУСИНСКИ с. РУСИНОВО БЕРОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 51 | 141 |
| Трансфери и донации | 3.2 | 15 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **66** | **141** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1 | 65 | 141 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **65** | **141** |
| **Вкупно расходи** | | **65** | **141** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1** | **0** |

**ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ - РУСИНСКИ с. РУСИНОВО БЕРОВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1 | 15 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1** | **15** |
| **Вкупна актива** | | **1** | **15** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | 15 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 1 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1** | **15** |
| **Вкупна пасива** | | **1** | **15** |